Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто и тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
## одржана на 19 октомври 2021 година

Скопје, октомври 2021 година

**З А П И С Н И К**

**од Сто и тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваша Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Статус на реализација на капиталните инвестициии**

1. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2020 година

2. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/595 на Советот од 12 април 2021 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран

3. Извештај за завршените преговори за склучување на Спогодба за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

4. Информација за статусот на имплементација на националниот модул за пресметка на плата за институциите од јавниот сектор составен дел од проектот „Модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси (HRMIS)“

5. Информација за преземените мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај за квалитетот на услугите кои ги даваат единиците на локална самоуправа преку своите веб-портали

6. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2021 година

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

9. Извештај за финансиското работење на АД„МИА“-Скопје, за периодот 1 април 2021-30 јуни 2021 година

10. Информација за исплата на пензии за октомври 2021 година
11. Информација во врска со процесот на доставување предлог-проект до Глобален заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите нации – втора фаза

12. Информација за донесената Одлука по Поднесокот бр. 1 и активностите поврзани со новиот Поднесок бр. 2 во рамки на постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“

13. Информација за известување на Владата на Република Северна Македеинија по однос на задолженијата од точка 4 и точка 5 од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2021 година

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Статус на реализација на капиталните инвестициии**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2020 година, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/595 на Советот од 12 април 2021 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за склучување на Спогодба за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го усвои Извештајот со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија да ја склучи Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, по пат на доставување нота-одговор.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на имплементација на националниот модул за пресметка на плата за институциите од јавниот сектор составен дел од проектот „Модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси (HRMIS)“ (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат институциите наведени во продолжение на ова точка, во рок од пет работни денови, до Министерството за информатичко општество да достават номинација, односно да назначат по две лица кои се вклучени во пресметката на плата во нивните институции, како член и заменик-член за координација со Министерството за информатичко општество и администрација и изведувачот, за проверка на функционалностите за модулот плати и процесот на миграција на податоците содржани во модулот за плата.

- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Секретаријат за европски прашања
- Секретаријат за законодавство
- Министерство за економија
- Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерство за култура
- Министерство за здравство
- Министерство за правда
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи
- Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите
- Министерство за економија-Биро за метрологија
- Министерство за локална самоуправа-Државен инспекторат за локална самоуправа
- Министерство за правда-Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права
- Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија
- Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија
- Агенција за остварување на правата на заедниците
- Геолошки завод на Република Северна Македонија
- Инспекциски совет
- Државен завод за индустриска сопственост
- Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија
- Министерство за правда-Инспекторат за употреба на јазиците

2. Се препорачува на институциите наведени во продолжение на ова точка, во рок од пет работни денови, до Министерството за информатичко општество да достават номинација, односно да назначат по две лица кои се вклучени во пресметката на плата во нивните институции, како член и заменик-член за координација со Министерството за информатичко општество и администрација и изведувачот, за проверка на функционалностите за модулот плати и процесот на миграција на податоците, содржани во модулот за плата.

- Македонска академска истражувачка мрежа-Скопје
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државна комисија за жалби по јавни набавки

3. Се задолжува Министерство за финансии, во рок од 5 работни денови, до Министерството за информатичко општество да достави номинација односно да назначи две лица, кои ќе бидат вклучени во работната група.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај за квалитетот на услугите кои ги даваат единиците на локална самоуправа преку своите веб-портали и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за локална самоуправа и Министерството за информатичко општество и администрација, односно и се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, до Министерството за локална самоуправа, најдоцна до 23 ноември 2021 година да достават номинации по еден член и заменик-член на работна група за е-услуги во единиците на локалната самоуправа.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа, најдоцна до 30 ноември 2021 година, да ја формира работната група за е-услуги во единиците на локалната самоуправа.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 31 март 2022 година да ја извести Владата за анализата на потребата и можноста за унифицирање на е-услугите на локално ниво со доставување на Извештај од анализата, вклучително и следни чекори и потребни предуслови.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа до 30 април 2022 година да ја извести Владата за Спроведената анализа на можноста за употреба на Националниот портал за услугите кои ги даваат единиците на локалната самоуправа со доставување на Извештај од анализата, вклучително и препораки и потребни ресурси.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да изработи предлог листа на минимални потребни ресурси неопходни за непречено обезбедување на квалитетни услуги преку веб-порталите на единиците за локална самоуправа и до 28 февруари 2022 година да го достави до Министерството за локална самоуправа.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Комисијата за станбени прашања, Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите и Управата за водење на матичните книги, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура, а се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Национална радио-телевизија, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на април, мај и јуни 2021 година, по кои сѐ уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставaт известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за јули, август и септември 2021 година, да ги доставaт до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 29 октомври 2021 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

## Точка 7

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 8

1. Владата го разгледа и го прифати Барањето од Државен пазарен инспекторат за престанување на важење на заклучоци и ги донесе следните заклучоци:

1) Да престане да важи заклучокот по т.8 од Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.12.2018 година, донесен по Информацијата за воведување на нов систем за евиденција на работното време и зголемена безбедност од проток на странки во институцијата набавен по пат на донација, со оглед дека Државниот пазарен инспекторат нема добиено информација од Дирекцијата за заштита на личните податоци во врска со воведување на нов систем за евиденција на работно време и зголемена безбедност од проток на странки во институцијата, набавен по пат на донација.

2) Да престане да важи заклучокот бр. 27, точка 88 од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.9.2020 година, донесен по Информацијата за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел.

3) Да престане да важи заклучокот бр.6, точка 66 – Прашања и предлози од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.5.2021 година, донесен по Информацијата за неискористените количини на мазут на сите државни институции со податоци во однос на тоа како, кога и од која компанија се набавени по претходна контрола на истите од страна на Државниот пазарен инспекторат со краен рок за постапување до 28.6.2021 година, со оглед дека Државниот пазарен инспекторат има добиено информација само од ЈП за железничка инфраструктура-Железници на Република Северна Македонија.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 7 октомври 2021 година до 13 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата на предлог на доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, а во врска со мерките за заштита на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и спречување на неговото ширење, согласно предлозите изнесени при расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1) Во сите угостителски објекти и во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и во друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците и во други објекти кои во склоп на истите даваат угостителски услуги прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите, како и угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), а ја организираат работата и како ресторани, во затворениот дел на објектите да биде до најмногу 50% исполнетост од капацитетот на просторот.

Исто така, бројот на лица кои може да седат на една маса да не биде ограничен, со соодветно растојание помеѓу масите.

2) Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ја разгледа можноста угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) да можат да

организираат свадби со присуство на музичари во затворениот дел од угостителскиот објект, со соодветно растојание помеѓу масите, со целосно почитување на соодветниот наменски протокол, под услов гостите да приложат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест COVID-19 и на наредната седница на Владата да достави соодветен Предлог.

3) Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ја разгледа можноста ноќните барови и клубови (дискотеки) да можат да ја организираат работата во затворениот дел од објектот, со соодветно растојание помеѓу масите, со целосно почитување на соодветниот наменски протокол, под услов гостите да приложат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест COVID-19 и на наредната седница на Владата да достави соодветен предлог.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 9 октомври 2021 година до 15 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. По повод укажувањето на министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, во однос на Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, Владата го задолжи министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, да одржи работен состанок со концесионерот, во насока истиот да се повлече од самата постапка.

6. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија информираше дека на 30 октомври 2021 година (сабота), со почеток во 10:00 часот ќе се одржи седница на Владата на која ќе се разгледува Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2022 година.

## Точка 9

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД„МИА“-Скопје, за периодот 1 април 2021-30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за октомври 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25 октомври 2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со октомвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26 октомври 2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 26 октомври 2021 година (вторник);

-За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 27.10.2021 година (среда);

-За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 28.10.2021 година (четврток); и

-За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 29.10.2021 година (петок ).

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата во врска со процесот на доставување предлог-проект до Глобалниот заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите нации – втора фаза и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од три дена, до Канцеларијата на постојниот координатор на Обединетите нации во Република Северна Македонија, да го достави Писмото на намери за кофинансирање на заедничка програма – Зелен финансиски фонд за подобрување на квалитетот на воздухот и борбата против климатските промени во Северна Македонија.

2. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од три дена, да ја потпише

апликацијата за предлог проектот за Глобалниот заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите нации насловен како: „Зелен финансиски фонд за подобрување на квалитетот на воздухот и борбата против климатските промени во Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за донесената Одлука по Поднесокот бр. 1 и активностите поврзани со новиот Поднесок бр. 2 во рамки на постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, во рамки на посебната програма од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (наменета за ангажман на советници и сл.), во најкраток можен рок, независно од изборниот период, да ги преземе потребните активности за набавка на адвокатски услуги и застапување на Република Северна Македонија-Министерство за финансии од страна на Адвокатското друштво кое било вклучено во постапката водена по Поднесок бр.1 во рамки на склучениот ДАБ договор, заради обезбедување на правни услуги во постапката по Поднесок бр.2 пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, а се со цел обезбедување на доследност и континуитет во постапката во рамките на склучениот ДАБ договор.

Согласно ова, се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор со избраното адвокатско друштво.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а им се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје, преку номинираните претставници, навремено и ажурно да одговараат на сите барања и да ги обезбедат и доставуваат сите потребни податоци побарани од Министерството за финансии за потребите на ДАБ постапката.

Владата ја разгледа Информацијата за известување на Владата на Република Северна Макединија по однос на задолженијата од точка 4 и точка 5 од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2021 година, како материјал за информирање.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |